РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-799/10
07.03.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 9-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 28.02.2025 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, д-р Методија Јанчески, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:/**

**На седницата беше присутен и д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот, Лазо Петрушевски ја отвори 9-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:35 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втор кат.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот :

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на Предлог-записник од 8-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 24.02.2025 година.
2. Предлог – одлуки за одземање на дозволите за ТВ или радио емитување.
3. Предлози за запирање на покренати постапки за одземање на дозволите за ТВ или радио емитување.
4. Информација за плаќање годишна членарина за ЕПРА за 2025 година.
5. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 8-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 24.02.2025 година, со текст како што беше предложен.

### Точка 2

Г-дин Петрушевски информира дека предлозите се однесуваат само на една одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување, и тоа на ТВ Шутел од Скопје.

Г-дин Трајчевски појасни дека наведениот радиодифузер не го платил годишниот надоместок во утврдениот рок од 30 дена, ниту во дополнителниот рок од 15 дена, поради што се предлага одземање на дозволата за телевизиско емитување. Дополнително, истакна дека процентот на наплата на издадените фактури кон радиодифузерите е висок и изнесува 96,5%, а ТВ Шутел е првиот радиодифузер на кој му се одзема дозволата поради неплатен долг. Посочи и дека во текот на денот биле во комуникација со медиумот, но пред половина час добил известување дека уплатата нема да биде извршена.

Г-дин Петрушевски изрази надеж дека во наредниот период од 30 дена, преку Управниот суд, ќе се обиде да ја врати дозволата и да продолжи со работа како медиум на ромски јазик. Дополнително, нагласи дека е од особена важност службата навремено да го информира медиумот за законскиот рок за поднесување тужба.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување, Уп1 бр.08-18 од 07.09.2023г. на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, поради неплатен годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок – 30 дена од денот на приемот на Фактура бр.2025-100-0011 од 10.01.2025г. (арх.бр.05-137/1 од 10.01.2025г.).

На горенаведениот радиодифузер фактурата бр.2025-100-0011 од 10.01.2025г. (арх.бр.05-137/1 од 10.01.2025г.), се сторнира и му се издава нова фактура, која се однесува само на периодот на работењето, односно до денот на донесувањето на оваа Одлука за одземање на дозволата, која треба да се плати не подоцна од 8 (осум) дена од денот на нејзиното издавање.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб страницата на Агенцијата и во два дневни весници, од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

### Точка 3

Г-дин Петрушевски предложи да се даде заеднички вовед за петте предлози за запирање на постапката за одземање на дозволата за телевизиско или радио емитување, бидејќи станува збор за медиуми кои го имаат платено годишниот надоместок. Потоа, секој предлог за запирање на постапката за АЛФА ТВ Скопје, Т.В. КАЛТРИНА Струга, РФМ Скопје, Телевизија Кочани-ЛД и ТВ МТМ Скопје да биде ставен на поединечно гласање.

Г-дин Трајчевски објасни дека АЛФА ТВ Скопје, Т.В. КАЛТРИНА Струга, РФМ Скопје, Телевизија Кочани-ЛД и ТВ МТМ Скопје го платиле надоместокот во дополнителниот рок од 15 дена по покренувањето на постапката. Поради тоа, се предлага запирање на постапката.

**3.1** Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-1 од 07.09.2023 година.

Согласно Известувањето за извршена уплата бр.05-658/2 од 26.02.2025г., ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост, според доставената ф-ра бр.2025-100-0001 од 10.01.2025 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**3.2** Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ, Уп1 бр.08-55 од 07.09.2023 година.

Согласно Известувањето за извршена уплата бр.05-662/2 од 26.02.2025г., ТРД Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ, годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост, според доставената ф-ра бр.2025-100-0017 од 10.01.2025 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**3.3** Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РФМ ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-75 од 07.09.2023 година.

Согласно Известувањето за извршена уплата бр.05-664/2 од 27.02.2025г., ТРД РФМ ДООЕЛ Скопје, годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го плати во целост, според доставената ф-ра бр.2025-100-0034 од 10.01.2025 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**3.4** Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ - ЛД ДООЕЛ Кочани, Уп1 бр.08-44 од 07.09.2023 година.

Согласно Известувањето за извршена уплата бр.05-663/2 од 27.02.2025г., Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ - ЛД ДООЕЛ Кочани, годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост, според доставената ф-ра бр.2025-100-0014 од 10.01.2025 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**3.5** Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ МТМ ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-16 од 07.09.2023 година.

Согласно Известувањето за извршена уплата бр.05-660/2 од 27.02.2025г., ТРД ТВ МТМ ДООЕЛ Скопје, годишниот надоместок за дозволата за телевизиско

емитување го плати во целост, според доставената ф-ра бр.2025-100-0010 од 10.01.2025 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски ја образложи Информацијата за плаќање годишна членарина за ЕПРА за 2025 година. Објасни дека извршниот одбор на ЕПРА поради зголемените трошоци за работењето на Секретаријатот, одлучил оваа година да ја зголеми членарината за 200 евра.

Советот на Агенцијата едногласно ја прифати Информацијата за плаќање годишна членарина за ЕПРА за 2025 година, бр.05-210/2 од 27.02.2025 година.

Секторот за финансии и логистика да ги уплати средствата во висина од 4.100 евра за годишна членарина на Агенцијата за ЕПРА за 2025 година, најдоцна до 14.03.2025 година.

**Точка 5**

**Разно**

Г-дин Трајчевски информира дека при усвојувањето на измените на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на минатата седница, била направена техничка грешка. Поради тоа, потребно е да се избришат зборовите „Службен весник на РСМ" во член 10 и член 20 од Правилникот.

Советот на Агенцијата во врска со Известувањето за потреба од исправка на очигледна техничка грешка во Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.03-771/3 од 28.02.2025 година заклучи да се избришат зборовите: *„Службен весник на РСМ"*, во член 10 и член 20 од Правилникот.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изработи пречистен текст на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**